**Координативен план околу набљудување и реакција во однос на заканите против новинарите**

СЕММ, ЗНМ и ССНМ се усогласија да се координираат околу следење, анализа, осудување и подигнување на свеста/информираноста за следниве појави поврзани со безбедноста и заштитата на новинарите и медиумските работници.

- Нападите, заканите и притисоците врз новинарите, како проблем којшто може да доведе до самоцензура и нарушување на професионализмот во новинарското известување. Токму поради таквите притисоци и закани, новинарите се воздржуваат од следење на одредени прашања/теми поради ризикот да бидат малтретирани или загрозени. Ризикот да бидат изложени на навредливи забелешки, исто така, резултира со самоцензура. Стравот да не бидат изложени на омраза, закани и вознемирување може да предизвика стрес и страв.
- Постоењето на пракса на злоупотреба на просторот за коментари под новинарските содржини поставени на социјалните мрежи којшто се користи од т.н. малициозни актери за упатување закани кон новинарите и медиумските работници. Доколку самиот медиум не ја отстрани содржината, тоа може да се разбере како одобрување или натамошно ширење на таквиот говор и закани.
- Упатувањето сексистички коментари и говор на омраза/дискриминација по родова основа на профилите на новинар(к)ите/медиумските работници на социјалните мрежи.
- Обидите да се дискредитираат новинари/медиуми со нивно оцрнување со цел да се создаде сомнеж околу вистинитоста во информирањето. Ова има штетен ефект врз безбедноста на новинарите.
- Во околности на воведување рестриктивни мерки за следење на лажните вести од страна на властите и институциите, со што би се создала „клима“ на потиснување на слободата на изразување

ЕУ со ТЕБЕ

совет за етика во медиумите на македонија